РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 12-9821/5
16-07-2025 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 став (10) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на наставен план за основно образование во воспитно – поправните установи**

1.Со ова Решение се утврдува наставен план за основно образование во воспитно – поправните установи со архивски бр.12-9821/1 од 08.07.2025 година и архивски број 08-10/48 од 07.07.2025 година на Бирото за развој на образованието, предложен од Бирото за развој на образованието.

2.Составен дел на ова Решение е наставен план за основно образование во воспитно – поправните установи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 15 став (10) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), наставни програми и наставни планови за основното образование ги утврдува министерот за образование и наука, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Министерка за образование и наука,
Проф.д-р Весна Јаневска

Изработил: Б.Митковски
Согласен:М.Масникоса

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 17-7-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | 10/53 | 1 | |

## НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

| **Образовен период (одделенија)** | **I (1, 2 и 3 одделение)** | **II (4, 5 и 6 одделение)** | **III (7, 8 и 9 одделение)** |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно часови неделно / годишно** | **Вкупно часови неделно / годишно** | **Вкупно часови неделно / годишно** |
| ***Задолжителни предмети*** | | | |
| Македонски јазик / Албански јазик / Турски јазик / Српски јазик / Босански јазик | 5/180 | 5/180 | 4/144 |
| Македонски јазик за учениците од другите заедници | | 2/72 | 2/72 |
| Математика | 5/180 | 5/180 | 4/144 |
| Англиски јазик | 2/72 | 3/108 | 3/108 |
| Природни науки | 2/72 | 2/72 | |
| Општество | 1/36 | | |
| Историја и општество | | 2/72 | |
| Биологија | | | 2/72 |
| Хемија | | | 2/72 |
| Физика | | | 2/72 |
| Историја | | | 2/72 |
| Географија | | | 2/72 |
| Граѓанско образование | | | 1/36 |
| Техничко образование и информатика | | 2/72 | 3/108 |
| Музичко образование | 1/36 | 1/36 | 1/36 |
| Ликовно образование | 1/36 | 1/36 | 1/36 |
| Физичко и здравствено образование | 3/108 | 3/108 | 3/108 |
| **Вкупно часови за задолжителни предмети** | **20/720** | **24 (26)/864 (936)** | **30 (32)/1080 (1152)** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 12-9821/3
16-07-2025 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 став (10) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерката за образование и наука донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за утврдување на наставен план за основно образование на возрасни

1.Со ова Решение се утврдува наставен план за основно образование на возрасни со архивски бр.12-9821/1 од 08.07.2025 година и архивски број 08-10/48 од 07.07.2025 година на Бирото за развој на образованието, предложен од Бирото за развој на образованието.

2.Составен дел на ова Решение е наставен план за основно образование на возрасни.

3.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 15 став (10) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), наставни програми и наставни планови за основното образование ги утврдува министерот за образование и наука, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Министерка за образование и наука,
Проф.д-р Весна Јаневска

Изработил: Б.Митковски
Согласен:М.Масникоса

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 17-7-2025 | | | |
|---|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numri: | | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | 10 | 52 | 1 | |

**НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ***

| Образовен период (одделенија) | I (1, 2 и 3 одделение) | II (4, 5 и 6 одделение) | III (7, 8 и 9 одделение) |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно часови неделно / годишно** | **Вкупно часови неделно / годишно** | **Вкупно часови неделно / годишно** |
| ***Задолжителни предмети*** | | | |
| Македонски јазик / Албански јазик / Турски јазик / Српски јазик / Босански јазик | 5/180 | 5/180 | 4/144 |
| Македонски јазик за учениците од другите заедници | | 2/72 | 2/72 |
| Математика | 5/180 | 5/180 | 4/144 |
| Англиски јазик | 2/72 | 3/108 | 3/108 |
| Природни науки | 2/72 | 2/72 | |
| Општество | 1/36 | | |
| Историја и општество | | 2/72 | |
| Биологија | | | 2/72 |
| Хемија | | | 1/36 |
| Физика | | | 1/36 |
| Историја | | | 2/72 |
| Географија | | | 2/72 |
| Граѓанско образование | | | 1/36 |
| Техничко образование и информатика | | 2/72 | 2/72 |
| Музичко образование | 1/36 | 1/36 | 1/36 |
| Ликовно образование | 1/36 | 1/36 | 1/36 |
| Физичко и здравствено образование | 3/108 | 3/108 | 3/108 |
| **Вкупно часови за задолжителни предмети** | **20/720** | **24 (26)/864 (936)** | **27 (29)/972 (1044)** |

* Овој наставен план се применува и за основното образование во казнено-поправните установи.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
за примена на
Наставниот план за основно образование во воспитно-поправните установи и
Наставниот план за основно образование на возрасни

1. Наставата согласно Наставниот план за основно образование во воспитно-поправните установи се организира и реализира на мајчин јазик на ученикот од страна на основно училиште кое има верификација за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи.
2. Наставата согласно Наставниот план за основно образование на возрасни се организира и реализира на мајчин јазик на ученикот од страна на основно училиште кое има верификација за образование на возрасни. Овој наставен план се применува и за основното образование во казнено-поправните установи.
3. Организирањето на наставата во воспитно-поправни установи се спроведува на следниот начин:

    - Доколку ученикот бил вклучен во настава до влегувањето во воспитно-поправната установа и е под 16 години и нема завршено основно образование – се запишува во соодветно одделение според последното свидетелство и го продолжува образованието согласно наставниот план за основно образование во воспитно-поправни установи.

    - Доколку ученикот не бил вклучен во настава и е под 16 години и нема завршено основно образование – согласно член 14 од Законот за основно образование се врши проверка на знаењата за вклучување во соодветно одделение и образованието се реализира по наставниот план за основно образование во воспитно-поправни установи.

    - Доколку ученикот е над 16 години и нема завршено основно образование – образованието се реализира по наставниот план за образование на возрасни.

4. Организирањето на наставата во казнено-поправни установи се врши според наставниот план за образование на возрасни. Доколку е сместено лице под 18 години и нема завршено основно образование, основното образование се реализира според соодветниот наставен план согласно точката 3.